Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
Бр. 04-992/11
19. 04. 2021 2021 година
Скопје

Врз основа на член 52 став (1) од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ“бр.27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 5/16, 142/16 и 11/18 и(„Службен весник на РСМ“бр.275/19 и 14/20), в.д. државниот секретар во Министерството за правда донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидат по интерен оглас за унапредување на административен службеник

1. **ЛИДИЈА ЈОСИМОВСКА** ***се избира*** од предложената ранг листа на кандидати по Интерниот оглас за унапредување на административен службеник во Министерството за правда број 01/2021, за работно место раководител на Одделението за сметководство и плаќање во Секторот за финансиски прашања, со звање раководител на одделение, шифра на работно место УПР0101Б04000.
2. Со именуваната ќе се заснова работен однос по конечноста на оваа одлука.

## О б р а з л о ж е н и е

По добиена писмена согласност од Министерството за финансии за обезбедени финансиски средства број 18-2366/2 од 19.03.2021 година, на ден 06.04.2021 година на веб страниците на Министерството за правда и на Агенцијата за администрација објавен е Интерниот оглас број 01/2021 за унапредување на пет административни службеници во Министерството за правда, меѓу кои и за работното место раководител на Одделението за сметководство и плаќање во Секторот за финансиски прашања.

Со Решение број 04-992/4 од 13.04.2021 година, формирана е Комисија за унапредување на административен службеник.

На Јавниот оглас за горенаведеното работно место се пријавија двајца кандидати. Комисијата спроведе постапка за административна селекција, а в.д. државниот секретар одржа интервју со двајцата кандидати, чија пријава беше комплетна и кои ги исполнува условите утврдени во Законот за административни службеници и пропишани во Правилникот за систематизација на работните места во Министерството за правда и во Јавниот оглас број 01/2021.

Врз основа на добиените бодови од спроведената административна селекција и од одржаното интервју, изготвена е Финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлуката за избор на прворангираниот кандидат.

Врз основа на предложената ранг листа, в.д. државниот секретар за работно место раководител на Одделението за сметководство и плаќање, го избра кандидатот Лидија Јосимовска.

Врз основа на горенаведеното се одлучи како во диспозититвот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА** : Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да изјави жалба до Агенцијата за администрација

В.Д. ДРЖАВЕН СЕКРЕТАР
Фросина Тасевска

Република Северна Македонија-Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА-MINISTRIA E DREJTËSISË
Скопје-Shkup

ДОСТАВЕНО ДО:
- Именуваниот-та,
- Одделение за човечки ресурси,
- Архива

Изготвил : Маја Малјановска, раководител на сектор